Почитувани,

ја користам оваа свечена пригода на доделување на договорите за носителите на јавни овластувања од Министерството за образование и наука, со гордост да ги изнесам активностите и резултатите во нашето долгодишното постоење.

Имено, Народна техника е организација со 63 годишна традиција во ширење на техничката култура и популаризирање на научно-техничките достигнувања меѓу младите во Република Македонија. Ретко која друга институција може да се пофали со толку долг континуитет и инфраструктура, која што преку сопствена програма, дејствува во надградба на системот за образование, со специјален акцент на откривање и работа со млади таленти.

Досега во нашите активности биле опфатени повеќе од 120 000 ученици од основно и средно образование, а од нив над 4 500 се талентирани. Податокот дека повеќе од 5000 просветни работници, универзитетски професори и експерти, на волонтерска основа, работат врз подигањето на нивото на техничката култура кај младите, зборува сам за себе.

Организациите на Народна техника, за да го поттикнат творештвото, креативноста и ангажманот на младите во областа на техничките дисциплини, реализираат голем број натпревари и смотри.

Само во последните четири години се одржани 30 државни, 65 регионални и голем број општински и клубски манифестации.

Секако, посебно место во нашите активности имаат оние најинвентивните, кои всушност се скриената моторна сила на развојот на секоја индустрија, тоа се пронаоѓачите и иноваторите. Тие се составен дел на Сојузот на здруженијата за техничка култура и до последната манифестација МАКИНОВА, се презентирани над 5 000 пронајдоци, иновации и технички унапредувања. Само за овие пронајдоци, заштитени со патенти, во изминативе години се добиени највисоки награди и признанија на светски саеми и изложби. Со тоа, Македонија се покажа и како земја извозник на техника и технологија преточена преку идеите и инвентивниот ум на нејзините луѓе.

Едноставно во Македонија нема ниту едно значајно име од науката, техниката, иноваторството кое своите почетоци не ги врзува со работата на Народна техника и натпреварите во основно и средно училиште. Многумина од нив, како млади, ја определиле својата професионална иднина токму по добивањето на некое од највисоките признанија на државните или меѓународните натпревари.

За возврат на вложениот труд и добиените дипломи од Народна техника, Министерството за образование и наука на Република Македонија доделува стипендии кои се наменети за млади и талентирани ученици.

Народна техника и нејзините настојувања за промоција на техничко-технолошкиот развој на државата, преку најразлични форми на едукација од најмала возраст, својата изворна снага ја црпи и од највисокиот акт на државата - Уставот на Република Македонија.

Таа исто така е една од невладините организации - потписнички на Декларацијата за деполитизација на образованието, мултиетничката толеранција и ненасилната комуникација, документ иницира токму од министерот за образование и наука.

Длабоко се надевам дека соработката помеѓу Министерството за образование и наука и нашата организација и понатаму ќе биде успешна и плодотворна. Зошто, развојот на Народна техника е од суштествено значење за сите оние кои сметаат дека, само преку вложување во научната мисла и техничкиот развој на младите, ќе се забрзаат Евроинтегративни процеси, ќе се намали невработеноста и општата сиромаштија.

Затоа денес би сакала да искажам особена благодарност до вас, господине министре, за вашата подготвеност во подршката на нашите активности, а со тоа и на нашиот развој. Се надевам дека во иднина таа ќе биде уште позначајна и повеќе стимулирана, за да се достигне посакуваното ниво на активности стремејќи се кон другите, слични инситуции во Европа.

Исто така, благодарност до Секторот за унапредување на науката и технолошко-техничкиот развој при Министерството, за секогаш отворената и непосредна комуникација во реализација на нашите задачи и обврски.

И на крај, огромна благодарност до сите наставници-ментори, универзитетски професори и до сите наши подржувачи кои се незаменлив дел на нашата организација.

Скопје, 21 април 2010

проф. д-р Христина Спасевска,

претседател на СЗТКМ-Народна техника